Младински Културен Центар-Битола



# „Промовирање активно младинско учество на локално ниво – Локален волонтерски сервис“







## Што е волонтирање?

**В** ложување на сопственото време

**О** пштествено корисна работа

**Л** ичен развој

**О** громно искуство

**Н** ема профит, има признание

**Т** рансфер на знаење

**Е** дукација

**Р** еална помош за другите



**Волонтерството е ВРЕДНОСТ,а не е ЦЕЛ.**
**Секој може да биде ВОЛОНТЕР...биди и ТИ!**

Младински Културен Центар-Битола

За НАС ...

**Младински културен центар - Битола** (МКЦ-Битола) е младинска, непрофитна, граѓанска организација основана во 1999 година. Мисијата на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

## Цели

- Одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија;
- Подобрување и јакнење на вештините кај младите;
- Поддршка и потикнување на граѓански иницијативи и кампањи;
- Поддршка и афирмација на урбаната култура.

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, културата и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година како и партнерска организација на двете најголеми светски мрежи на волонтерски организации The Alliance и Service Civil International - SCI.

МКЦ – Битола ја координира размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

## *За ЛВС ...*

Целта на проектот „Промовирање на активно младинско учество на локално ниво - Локален волонтерски сервис“ е поддршка на одржлив развој на волонтерството во Македонија преку воведување на волонтерски програми во јавни институции, државни органи, локални самоуправи и НВОи, преку имплементација на Законот за волонтерство на локално ниво.





Младинскиот културен центар – Битола (Волонтерски центар на Македонија) го имплементира проектот во соработка со 6 невладини организации односно волонтерски инфо точки (ВИТ) во седум градови во Македонија (Битола, Кавадарци, Охрид, Скопје, Прилеп, Тетово и Свети Николе).

Целна група се млади од 18 - 35 години, локалните заедници каде има волонтерски инфо точки, НВО секторот, јавните институции, локалните самоуправи и државните органи.



# Што е ЛВС?

**Локалниот волонтерски сервис е волонтерска практика и систем кој овозможува организирано долгорочно волонтирање на млади луѓе во местото каде што живеат, во своите локални заедници.**

Практиката предвидува мобилизација на волонтери и развој на волонтерски позиции во општински администрации, правосудни органи, државни органи и агенции, како и во невладини организации кои работат на заштита на човекови права на маргинализирани групи.

Целта е развој на квалитетен систем за волонтерски менаџмент и придонес во решавањето на проблемите во локалните заедници.

Улогата на МКЦ - Битола и партнерските организации е да посредуваат помеѓу желбите и мотивацијата на волонтерите од една страна и потребите за пополнување на конкретни волонтерски позиции во институциите од друга

Практиката овозможува избраните кандидати да волонтираат во одредена институција или организација за период од 3 месеци со покриен надомест на волонтерски трошоци за пат и храна (доколку се обезбедени со донаторска поддршка или од страна на организаторот на волонтерска работа)

ЛВС е систем за ефикасно поклопување на понудата и побарувачката за волонтери кој ги следи принципите за квалитетен волонтерски менаџмент.



**Активности на практиката се:**

Креирање и функционирање на волонтерска датабаза

Потпишување меморандуми за разбирање со институциите/ организациите

Креирање на волонтерски позиции

Обука на волонтерите

Сместување, мониторинг и евалуација на волонтерите

Обуки за волонтерски менаџмент на вработените во институциите/организациите

Јавна кампања за промоција на локалниот волонтерски сервис



## *Султана Петанова – волонтерка од Охрид*

*„Волонтерската позиција во граѓанскиот оддел во Основниот Суд во Охрид ми помогна да се здобијам со познавања во административното работење по граѓански предмети и моите теоретски познавања добија своја практична поткрепа. Секојдневната комуникација со граѓани ја зајакна мојата толерантност и способност да ги ислушам и да им помогнам секако во рамките на моите познавања и овластувања. Волонтирањето во Основниот Суд бара способност за работа во тим, лојалност, чесност, доверливост и навременост - карактеристики кои успеав да ги надоградам и да ги доведам на повисоко ниво. Им препорачувам на сите кои се заинтересирани да се пријават за волонтирање“*



## *Сашо Темелковски – Супервизор во Основен суд Прилеп*

*„Еден ваков проект овозможува институцијата да ги запознае потенцијалните идни кандидати за пополнување на работни места и да ја подобри ефикасноста во работењето а од друга страна му дава можност на волонтерите да ги покажи своите способности и квалитети за извршување на конкретни работни задачи“.*



## Џенгис Бериша – волонтер од Прилеп

*Волонтирањето за мене е основа за личен развој и надоградба, расчистување на моите лични дилеми во определувањето на професијата и кариерата,. Преку волонтирањето имав директен допир со материјата во пракса која што ме доведе до пронаоѓање на вистинската идна професија. Исто така, ми овозможи остварување на нови контакти и пријателства со луѓе од различни нации, култури и сфаќања. Со оглед на флексибилноста која што е важна карактеристика кај секој човек, волонтирањето ни овозможува да се прилагодиме во различни средини и воопшто во општеството".*



## Маријана Будоска – волонтерка од Охрид

*Додека волонтирам го гледам значењето на тимската работа и потребата за флексибилност во група, преземањето и прифаќањето на одговорност, правилно организирање на времето и планирањето на обврските. Се надевам дека покрај што многу научив, придонесов и за остварување на целите на институцијата Ја препорачувам волонтерската работа како можност волонтерите да го искористат своето слободно време на продуктивен и ефикасен начин, да се стекнат со нови познанства, со работни навики и со практично искуство и знаење".*




## Ивана Јордановска – Супервизор во општина Свети Николе

*„Во прашање се само 3 месеци, но волонтерите беа вклучени во различни активности и се почувствува подобрување во ефикасноста на организацијата".*

# Циклус на волонтерски менаџмент

**Во текот на целиот процес на ЛВС се следат принципите на квалитетен волонтерски менаџмент. Циклусот ги опфаќа следните активности:**

Волонтерите се ангажираат преку отворен повик за пријавување (регрутација) кој се објавува во сите електронски и печатени медиуми на национално и локално ниво. Дополнително, повикот се дистрибуира електронски преку е-маил листи на контакти, на социјалните мрежи, преку веб страниците на партнерските организации и преку диструбуција на пропаганден материјал – летоци до сите потенцијални волонтери.

Секој волонтер пополнува Пријава за волонтирање (унифициран документ кој е компатибилен со нашата електронска датабаза на волонтери). Секој организатор на волонтирање пополнува Пријава за потреба од волонтерска работа (унифициран документ кој е компатибилен со нашата електронска датабаза на организатори на волонтерска работа). Врз основа на конкретните барани профили и соодветните квалификации на волонтерот се врши процесот на селекција за соодветните волонтерски позиции.

Селектираните волонтери поминуваат обука за подготовка за волонтирање која ги вклучува темите за законската рамка за волонтирање во Република Македонија, услови и начин на вршење на волонтерската работа, правата и обврските на волонтерите, договор за волонтирање и волонтерска книшка. За секој волонтер се назначува супервизор од редот на вработените во институцијата кој исто така добива задолжителна обука за менаџмент на волонтери (ориентација на волонтерите, обука и поддршка за време на волонтирањето) испорачана од експерти за волонтерски менаџмент од МКЦ-Битола.

Во текот на процесот на волонтирање локалните координатори вршат редовен мониторинг над работата на волонтерите и тесно соработуваат и комуницираат со соодветните супервизори од организаторите на волонтирање. Исто така, на средината од периодот на волонтирање се организира средба за средишна евалуација со сите волонтери. На крајот од волонтирањето волонтерите пополнуваат и формулар за завршна евалуација на резултатите од волонтирањето.

Дополнително, во текот на волонтирањето се следи личниот развој на секој волонтер преку анализа на прашалник за самопроценка кој волонтерите го пополнуваат пред и по завршувањето на волонтирањето.





# Резултати и постигнувања од ЛВС

Анализата на евалуацијата од досегашните циклуси на ЛВС покажува дека волонтерите во голема мера ја подобрија ефикасноста во работата на самите институции и дадоа голем придонес во подобрување на процесот на давање на услуги на граѓаните.

Резултатите од следењето на личниот развој на волонтерите ги покажаа следните параметри:
Кај 80 % од волонтерите имаме значително подобрување на нивната одговорност за почитување на рокови и почитување на нивните колеги.
Кај 90% од волонтерите значително се подобрени комуникациските вештини, а кај 10 % останаа на исто ниво.
Тимската работа и лидерските вештини се подобрени кај 90% од волонтерите, особено во делот на водењето на проекти, соработката со колегите и активното учество на состаноците на тимот.

100% од волонтерите вклучени во ЛВС сакаат да продолжат со волонтирање и да го препорачаат ЛВС на своите роднини, познаници и пријатели.
Активностите на ЛВС придонесуваат за имплементација на Законот за волонтерство во Република Македонија на локлано ниво. Преку локалниот волонтерски сервис се овозможуваат нови пристапи за организирано волонтирање во местото на живеење, во својата локална заедница. Со тоа, се надминуваат поранешните состојби на непланско и неорганизирано волонтирање кога волонтерскиот труд не беше ценет и најчесто беше поистоветуван со неплатен труд или губење на време

Од реализацијата на практиката во изминатите 5 години вкупно се пријавени над 1700 заинтересирани волонтери. Од нив се обучени и сместени вкупно 375 волонтери во 7 градови во Македонија на тримесечно волонтирање со покриен надоместок за патни трошоци и исхрана. Како организатори на волонтерска работа се вклучија над 120 институции и организации со кои имаме потпишано Меморандум за соработка за вклучување во ЛВС.

Организаторите на волонтерска работа имаа корист од преку 90.000 работни часови што волонтерите ги исполнија со нивниот ангажман (во просек околу 4 часа дневно). Поради извонредните резултати и позитивниот ангажман на волонтерите на 50% од нив им беше продолжен волонтерскиот договор, а една третина од нив продолжија да примаат и волонтерски надоместок со средства на организаторите на волонтерска работа. Од досегашната имплементација на ЛВС околу 25% од ангажираните волонтери после завршувањето на тримесечното волонтирање добија Договор за повремено ангажирање или Договор за вработување во институцијата или организацијата.

# КАКО ДА СЕ ВКЛУЧИТЕ ВО ЛОКАЛНИОТ ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС И ЗОШТО?

## ВОЛОНТЕРИ

- Активирајте се за помош во локалната заедница
- Корисно пополнете го Вашето слободно време
- Можност за стекнување на волонтерско искуство
- Подобрете ги Вашите вештини: комуникација, тимска работа, одговорност, лидерство...
- Давате личен придонес во подобрување на средината во која живеете
- Можност за добивање на волонтерска книшка во која се евидентира Вашето волонтерско искуство
- Нови контакти, нови познанства и нови предизвици

**Побарајте пријава за волонтер во најблискиот локален волонтерски центар.**

## ОРГАНИЗАТОРИ НА ВОЛОНТЕРСКА РАБОТА

- Отворање на Вашата организација за младите и давање на можност за нивно активирање
- Подобрена ефикасност и ефективност во Вашата работа
- Подобрено давање на услуги на Вашите корисници
- Обезбедена помош во изработка на волонтерска програма, развој на волонтерски позиции и подготовка на договор за волонтирање
- Обезбедена обука за волонтерски менаџмент на вработените во Вашата организација кои ќе бидат супервизори на волонтерите
- Можност за долгорочна соработка на партнерски проекти за промоција и развој на волонтерската работа

**ВОЛОНТИРАЊЕТО НЕ Е БЕСПЛАТНА РАБОТНА СИЛА, ТУКУ СИЛА ШТО КРЕИРА И РАЗВИВА!**

**Побарајте пријава за потреба од волонтери во најблискиот локален волонтерски центар.**

File Edit View History Bookmarks Window Help

http:// www.volonter.mk

Tue 12 : 30 AM

**Јас Волонтирам**

Волонтерски центар на Македонија

## Посетете не на...

**www.volonter.mk**

- Информации
- Регистрација
- Проекти
- Настани



Младински Културен Центар – Битола

Јас Волонтирам
Волонтерски центар на Македонија


**КОНТАКТ:**
Младински културен центар – Битола
ул. Цар Самуил 29 Битола 7000 Република Македонија
Тел.: 047 233 020 / Факс: 047 203 925
E-mail: mkcbt@t-home.mk
Веб страни: www.mkcbt.org.mk / www.volonter.mk

Facebook: Mladinski Kulturen Centar - Bitola/Youth Cultural Center - Bitola
Twitter: @mkcbitola
Instagram: mkcbitola
Youtube: MKCBitola



Поддржано од:

NED National Endowment for Democracy
Supporting freedom around the world